Архивски број: 08-258/1
27-02-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-493/1 од 05.07.2024 година поднесена од од с. , Општина а, со адреса на живеење на ул. бр. о Скопје, против Министерство за дигитална трансформација како правен наследник на Министерство за информатичко општество и администрација, Агенција за електронски комуникации, А1 Македонија, актуелен градоначалник на Општина Чашка, г-дин Горан Стојановски и поранешен градоначалник на Општина Чашка, г-дин Горан Пановски, за сторена дискриминација врз основа на имотен и социјален статус и врз друга основа - место на живеење, во областа на пристапот до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** сторена од страна на правното лице Јавно претпријатие "Македонска Радиодифузија" – Скопје и одговорното лице во правното лице – директор Ендрин Кадриу врз подносителот и дел од населението кое живее или престојува во регион Азот, с. Богомила, Општина Чашка, врз основа на имотен и социјален статус и врз друга основа - место на живеење и висина на месечни приходи, во областа на пристапот до добра и услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 05.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму **„Комисијата"**) поднесена е претставка заведена под архивски број 08-493/1 од 05.07.2024 година од страна на подносителот од с. Богомила, Општина Чашка, со адреса на жвеење на ул. "", бр. во Скопје.

Подносителот на претставката наведува дека преттавката ја поднесува додека времено престојува во регион Азот, општина Чашка, кој се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија и посочува дека од 01.06.2013 година до денот на поднесување на претставката, овој регион останал непокриен со дигитален телевизиски сигнал поради што наоѓа дека населението кое живее и престојува таму било дискриминирано. Дополнително, наведува дека на жителите од овој регион им било ветено дека со префрлување од аналогна на дигитална телевизија ќе можеле бесплатно да ги следат националните и регионалните телевизиски програми, но за жал телевизиските канали можеле да ги следат само оние жители кои можеле

месечно да издвојат по 800, 1000 или 1200 денари за користење на услугите на кабловските оператори.

Од причина што во претставката не беше посочен потенцијалниот дискриминатор, а онака како е предвидено со член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата до подносителот на претставката а 16.07.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката со бр. 08-493/2, а во согласност со член 24 став (2) од овој закон.

На 25.07.2024 година до Комисијата од страна на подносителот беше доставено доуредување на претставката заведено под бр. 08-493/3.

Во доуредувањето подносителот наведува дека во моментот на поднесување на претставката престојувал во месноста Азот, а неговата адреса на живеење е во Скопје. Посочува дека проблемот со кој се соочувале најголем дел од жителите на оваа месност односно регион траел веќе 11 (единаесет) години. Ги наведе потенцијалните дискриминатори и укажа дека во време на донесување на новиот закон ( Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ) жителите биле оштетени за по 1000 денари, од страна на кабелскиот оператор ONE кој бил задолжен за покриеност со дигитален сигнал на цела територија на државата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 05.08.2024 година испрати Барање 08-493/4 за произнесување по наводите од претставката до Министерство за дигитална трансформација, понатаму исти вакви барања до Агенција за електронски комуникации бр. 08-493/5, до градоначалник на Општина Чашка – г-дин Горан Стојановски бр. 08-493/6 и барање бр. 08-493/7 до А1 Македонија.

На ден 20.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигнато е Произнесување по наводите во претставката бр. 15-436/2 од 26.08.2024 година од Министерството за дигитална трансформација, во кое се наведува дека согласно член 62 став (5) од Законот аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24) кој ги пропишува условите за обезбедување на телевизиско или радио емитување: „При обезбедување на телевизиско или радио емитување преку ограничен ресурс како што се радиофреквенции или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс на државно или регионално ниво, радиодифузерот е должен да обезбеди покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Македонија, односно од населението во соодветниот регион“. Понатаму, согласно член 3 од План за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите: „Радиодифузна дејност на регионално ниво е радиодифузна дејност што ја врши радиодифузер што обезбедува гледаност на најмалку 80% од населението на подрачје на зоната на распределба“. Исто така, член 4

од Планот ја дефинира намената на дигиталните терестријални мултиплекси, па така: „Мултиплексите MUX4 и MUX5 се доделени на користење на Јавното претрпијатие Македонска радиодифиузија, а се наменети за дигитално емитување на Јавните програмски сервиси на Јавното претрпијатие Македонска радиотелевизија". Согласно член 5 од Планот: „Јавното претпријатие Македонска радиодифузија за мултиплексите MUX4 и MUX5, како и операторот на јавна комуникациска мрежа за мултиплексите MUX6 и MUX7 должни се да ги исполнат техничките карактеристики на DVB-T мрежата (EN 300 744) и да обезбедат покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Македонија, односно од населението на соодветниот регион". Крајно, во член 5 од Закон за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, меѓу дејностите на претпријатиeто се наведуваат и "– пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и – контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие".

**Во таа насока, Министерството упати да се побара произнесување по наводите во претставката и од Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје.**

На 20.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигнато е Произнесување по наводите од претставката бр. 0906-2186/3 од 02.09.2024 година од страна на Агенцијата за електронски комуникации (**„АЕК"**).

Агенцијата за електронски комуникации ја информира Комисијата дека на ден 16.08.2024 година спровела мерења за покриеност со сигнал за дигитална телевизија во населените места Богомила, Согле и Теово од регионот Азот. **Од страна на АЕК било издадено одобрение за користење на радиофреквенции за дигитална телевизија на операторот Национална Радиодифузија чија задача била да обезбеди дигитален пренос на јавниот телевизиски сервис на МРТ на 23-ти и 45-ти канал од локацијата Плевенски Рид во Богомила, со што би се обезбедило квалитетен сигнал за целиот регион на Азот**. Наведено е дека од извршените мерења било констатирано дека не се емитува сигнал од предавателната локација и поради тоа не може да се следат програмите на МРТ во посочената област. Воедно се посочува дека Агенцијата преземала мерки согласно нејзините законски овластувања за надминување на овој проблем.

На 24.09.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката бр. 10-4980/1 од 19.08.2024 година, од страна на Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје.

Во произнесувањето се наведува дека А1 Македонија ДООЕЛ Скопје на јавен оглас од АЕК има добиено Одобрение за користење на радиофреквенции за вршење на радиодифузна дејност за дигитално емитување DVB-T со бр. 107976/1, согласно кое се стекнува со право да ги емитува програмските содржини на националните и

регионалните приватни радиодифузери со принцип на објективност, транспарентност, пропорционалност и недискриминација кон сите радиодифузери согласно член 159 став (1) од Законот за електронските комуникации. Оваа законска обврска А1 Македонија во целост ја исполнувала и на веб-страната бил објавен Образец на договор за дигитално емитување на програмски сервиси (https://www.ai.mk/za-nas-golemoprodazba), а кој претходно бил одобрен од страна на АЕК.

**Во однос на наведеното Одобрение** се посочува дека истото предвидувало изградба на мрежа за покривање на најмалку 80% од домаќинствата во Република Северна Македонија со сигнал кој овозможувал слободен (бесплатен) прием на националните и регионалните приватни телевизиски сервиси кои имаат право да вршат радиодифузна дејност користејќи DVB-T технологија за емитување. Во таа насока, наведено е дека секој граѓанин бесплатно и недискриминирачки со соодветна опрема за прием на ваква технологија имал право на пристап до оваа услуга во зоните каде технички бил возможен прием на таков тип на сигнали. Понатаму се наведува дека и покрај обврската да бидат покриени најмалку 80% од домаќинствата, А1 Македонија покривала над 94,9% од домаќинствата.

Во продолжение, наведено е дека сепак требало да се земат предвид топографските карактеристики на одредени делови од територијата на државата, како и техничките карактеристики на DVB-T технологијата, поради кои можело да постојат ограничувања на прием на сигналот заради кои корисниците во тие подрачја не биле во можност во целост да ги користат услугите преку оваа технологија, кој факт АЕК го имал земено предвид па утврдил процент на покривање кој бил оптимален поради технолошко-економските аспекти на услугата. За прием на ТВ програмски содржини во регионите кои се надвор од зоната на покривање со DVB-T сигнал на А1, постоеле и други алтернативи кои можеле да бидат применети од страна на корисниците.

Од страна на А1 Македонија е укажано дека **ЈП Национална Радиодифузија ги емитувала програмските содржини на Македонската Радио Телевизија – МРТ 1, МРТ2, МРТ3, МРТ 4, МРТ 5 И МРТ Собраниски Канал кои можеле да бидат достапни во одредени зони каде А1 нема покривање поради различната поставеност на центрите за емитување и разликите во обврските што произлегувале од Одобренијата за емитување на DVB-T сигнали.**

**Заклучно се посочува дека земени предвид сите наведени факти, А1 Македонија не сторува дискриминација кон било која група граѓани на Република Северна Македонија при давањето на услуги за кои е основана.**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 26.11.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите во претставка бр. 08-493/11 до Јавно Претпријатие Македонска Радиодифузија – Скопје.

Воедно, на ден 26.11.2024 година испрати Ургенција за произнесување по наводи во претставка бр. 08-493/12 до градоначалник на Општина Чашка – г-дин Горан Стојановски.

На ден 19.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Известување од страна на градоначалникот на Општина Чашка – г-дин Горан Стојановски заведено под број 03-1333/3 од 16.12.2024 година. Наведено е дека единицата на локална самоуправа - Општина Чашка нема законски надлежности да постапува во врска со барањето, односно наводите во претставката.

На 19.12.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигнато е Произнесување по наводи во претставка бр. 03-694/2 од 13.12.2024 година од страна на Јавно Претпријатие Македонска Радиодифузија – Скопје.

Од страна на ЈП Македонска Радиодифузија – Скопје изразено е жалење поради тоа што подносителот и граѓаните од посочениот регион се почувствувале дискриминирани. Се наведува дека во изминатиот период не било дојдено до инфраструктурна инвестиција поради финансиски потешкотии со кои се соочувало претпријатието. Во таа смисла, наведено е дека економската криза, Ковид кризата и енергетската криза значително се одразиле на претпријатието, иако постојано биле разгледувани сите можни опции за планирање и реализација на нови радиодифузни објекти. Во таа насока, се наведува дека во претстојниот период претпријатието ќе работи на донесување на Годишна програма за работа и развој на истото за 2025 година во која во соработка со Владата на Република Северна Македонија ќе се направеле напори за решавање на проблемот кој е предмет на претставката. ЈП Македонска Радиодифузија – Скопје го поканува подносителот на претставката во просториите на претпријатието со цел да биде целосно вклучен и информиран во однос на планирањето и реализирањето на активностите за решавање на проблемот и да даде свој придонес со повеќе информации за населените места. За истото наведено е дека е испратена и индивидуална покана до подносителот на претствката.

**По увид во наводите од претставката, произнесувањата по истата и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:**
Подносителот на претставката и лицата корисници на старосна пензија, како и на жители со ниски примања кои живеат или престојуваат во областа Азот во с. Богомила, Општина Чашка, не се во можност да ги следат програмите на националните и регионалните телевизии поради недостиг на дигитален сигнал во овој регион. Сметано од 01.06.2013 година до моментот на поднесување на претставката, ова подрачје останало непокриено со дигитален сигнал, иако на жителите им било кажано дека со префрлањето од аналогна на дигитална телевизија ќе можат бесплатно да ги следат националните и регионалните телевизиски канали. Во оваа насока, пристап до телевизиски канали имале само жителите кои можеле да си дозволат месечна претплата од 800, 1000 или 1200 денари за кабелски оператор.

Согласно мерењата на Агенцијата за електронски комуникации од 16.08.2024 година во населените места Богомила, Согле и Теово, било утврдено дека операторот ЈП Македонска радиодифузија - Скопје, на кого му било издадено Одобрение за користење на радиофреквенции за дигитална телевизија, не обезбедувал сигнал на територија на наведените населени места поради што жителите во регионот не можеле да ги следат програмите на Македонска радиотелевизија (МРТ).

**Од страна на ЈП Македонска радиодифузија – Скопје во изминатиот период не било возможно да се реализира инфраструктурна инвестиција за подобрување, односно покриеност со сигнал поради финансиски потешкотии, настанати како резултат на економската криза, Ковид-кризата и енергетската криза. Сепак, од претпријатието информираат дека во периодот кој следи ќе се преземат мерки и активности за решавање на проблемот.**

Имено, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

Согласно **член 62 став (5) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**: *"При обезбедување на телевизиско или радио емитување преку ограничен ресурс како што се радиофреквенции или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс на државно или регионално ниво, радиодифузерот е должен да обезбеди покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Македонија, односно од населението во соодветниот регион"*

Согласно член 5 став (1) од Законот за основање на ЈП Македонска **радиодифузија**, меѓу дејностите на претпријатието се наведуваат и "– пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и – контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие".

Дополнително на ова, во **член 16 став (3) од Уставот на Република Северна Македонија**, се гарантира слободниот пристап кон информациите и слободата на примање и пренесување на информации.

**Во смисла на наведеното, фактот што на подносителот и дел од населението кое живее или престојува на територија на областа Азот во Општина Чашка, особено граѓани со пониски месечни примања и корисници на право на старосна пензија, им е ускратена можноста да ги следат националните и регионалните телевизиски програми поради необезбедување на дигитален сигнал, додека жителите во други региони на државата имаат непречен пристап до истите услуги без дополнителни трошоци, претставува облик на директна дискриминација согласно член 8 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во таа смисла, жителите на областа со повисоки месечни приходи, имаат можност да ги следат програмите на МРТ доколку плаќаат месечна претплата на кабелски оператор. Комисијата наоѓа дека секој граѓанин има право на пристап до услугата, бесплатно и недискриминаторски.**

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди директна дискриминација врз основа на социјален и имотен статус и друга основа - место на живеење, во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на правното лице ЈП Македонска радиодифузија и одговорното лице во правното лице - директор Ендрин Кадриу кон подносителот на претставката и дел од населението кое живее или престојува во регион Азот, општина Чашка.

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Согласно член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** правното лице Јавното Претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје, и одговорното лице во правното лице - директорот Ендрин Кадриу да превземе мерки и активности за подготвување и донесување на Годишна програма за работа и развој на ЈП Национална радиодифузија Скопје за 2025 година во која ќе се утврдат активности и динамика на нивно спроведување со цел надминување на нееднаквиот односно оневозможен слободен пристап кон информациите и слободата на примање и пренесување на информации кај дел од населението во регионот Азот, Општина Чашка и за **истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 180 дена, односно 6 (шест) месеци од денот на прием на ова мислење.**

Доколку правното лице Јавното Претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје, и одговорното лице во правното лице - директорот Ендрин Кадриу не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
26.02.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Димко Бејзароски

Доставено до:

- , на ул. „ “ бр. Скопје
- ЈП Македонска радиодифузија, ул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје
- А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје
- Агенција за електронски комуникации, палата „Света Лидија“, кеј „ Димитар Влахов“ бр. 21, Скопје
- Министертсво за дигитална трансформација, ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
- Градоначалник на Општина Чашка, ул. „Илинденска“, бр.8, Општина Чашка
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk